РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-3956/15
12.11.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

ЗАПИСНИК
од 37. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 3.11.2026 година

Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видеоконференциска врска:

- **Претседател на Советот:** м-р Сашо Стефановски
- **Заменик на претседателот на Советот:** м-р Зирјета Јајага
- **Членови на Советот:** Афрона Врзиволи, Цветанка Миновска, м-р Гордана Мајнова, Петар Џуровски и Виктор Павловски.

Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /.

Присутни од раководството на Агенцијата преку видеоконференциска врска: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и Мухамер Беќири, заменик на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Вработени од Стручната служба присутни преку видеоконференциска врска: м-р Драгица Љубевска, д-р Ивана Стојановска, Ружица Бошњакоска-Јотевска, Емилија Јаневска, Ивона Муфишева и Сергеј Тодоровски.

Претседателот на Советот м-р Сашо Стефановски ја отвори 37. седница на Советот. Седницата почна во 13:00 часот и се одржа преку видеоконференциска врска.

Претседателот Стефановски предложи дополнување на Дневниот ред со нова точка 3 – „Предлог за поведување прекршочна постапка против МРТ2 за прекршување на изборниот молк во вториот круг на гласање на Предвремените избори за градоначалник на Општина Брвеница“. Соодветно на тоа, останатите точки од Дневниот ред ќе бидат пренумерирани.

Советот на Агенцијата едногласно, со 7 гласа „за“, го усвои следниот:

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Усвојување Предлог-записник од продолжување на 35. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 27.10.2026 година.

2. Усвојување Предлог-записник од 36. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 27.10.2026 година.

3. Предлог за поведување прекршочна постапка против МРТ2 за прекршок на изборниот молк во вториот круг на гласање за Предвремените избори во општина Брвеница.

4. Предлог за усвојување на Извештајот за емитуваното платено политичко рекламирање за време на изборната кампања во првиот круг на гласање за Предвремените избори за градоначалник на Општина Брвеница.

5. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД Г-ТВ Телевизија ДООЕЛ Гостивар, за прекршување на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ.

6. Предлог-одлука за продолжување на дозволата за радиоемитување на ТРД Модеа ДООЕЛ Свети Николе.

7. Предлог-одлука за продолжување на дозволата за радиоемитување на РТД Радио Роса - АБ ДООЕЛ Скопје.

8. Предлог-одлука за продолжување на дозволата за радиоемитување на ТРД Радио Кисс ДООЕЛ Тетово.

9. Предлог-одлука за продолжување на дозволата за радиоемитување на ТРД Радио Ред ФМ ДООЕЛ Тетово.

10. Предлог-одлука за продолжување на дозволата за радиоемитување на РТД Метрополис Радио ДОО Скопје.

11. Предлог-одлука за продолжување на дозволата за радиоемитување на ТРД Радио Тајм Павле ДООЕЛ Гевгелија

12. Предлог-одлука за продолжување на дозволата за радиоемитување наТРД Алсат-М ДОО Скопје.

13. Предлог-одлука за продолжување на дозволата за радиоемитување на ТРД Радио Ват ДОО Скопје.

14. Предлог-одлука за продолжување на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ Дуе Назми ДООЕЛ Гостивар.

15. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: одржување и сервисирање на службени моторни возила.

16. Разно.

Точка 1

Советот го разгледа и едногласно го усвои Предлог-записникот од продолжението на 35. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 27.10.2026 година.

Точка 2

Советот го разгледа и едногласно го усвои Предлог-записникот од 36. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 27.10.2026 година.

Точка 3

Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, информираше дека кај јавниот радиодифузен сервис Македонска радио-телевизија – Втор програмски сервис (МРТ2),

на 31 октомври и 1 ноември 2026 година, за време на изборниот молк во вториот круг на гласање на Предвремените избори за градоначалник на Општина Брвеница, биле емитувани повеќе прилози во дневноинформативните емисии, со различни наслови и времетраење, кои содржеле информации и аудиовизуелни материјали (изјави и/или снимки) од носители на функции во органите на власта, како и од членови и претставници на политички партии. Посочи дека со ваквото емитување е постапено спротивно на член 76-б став 3 од Изборниот законик, поради што предложи Советот на Агенцијата да поведе прекршочна постапка против јавниот радиодифузен сервис МРТ2, во законскиот рок од 48 часа од констатирањето на прекршувањето, односно од денот на утврдувањето на наодите од страна на Агенцијата.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) над изборното медиумско претставување, бр.10-4052/1 од 3.11.2026 година на Јавното радиодифузно претпријатие Македноска радио-телевизија Скопје - Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2) и поради прекршување на членот 76-б став 3, а во врска со член 69-а став 2 од Изборниот законик, едногласно заклучи да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд против Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија Скопје - Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2).

Точка 4

Раководителката на Секторот за програмски работи, Емилија Јаневска, појасни дека Изборниот законик ја обврзува Агенцијата да врши целосен мониторинг над радиодифузерите кои емитуваат платено политичко рекламирање за време на изборниот процес, во утврдените рокови да ги потврди извештаите за реализираните услуги на радиодифузерите, како и на 20-тиот ден од настапувањето на предизборниот молк да достави извештај за емитуваното платено политичко рекламирање до Државната изборна комисија. Посочи дека предметниот Извештај е изготвен врз основа на овие законски обврски. Во Регистарот на Државната изборна комисија за Предвремените избори за градоначалник на Општина Брвеница, за емитување платено политичко рекламирање биле регистрирани вкупно пет радиодифузери – две телевизии и три радија. Од нив, договори за емитување платено политичко рекламирање склучиле четири радиодифузери: ТВ Коха и трите радија од подрачјето на Општина Тетово – РА Плус Форте, РА Кисс и РА Блета. Согласно член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, радиодифузерите можеле да емитуваат дополнително време за рекламирање во траење од вкупно осум минути и 30 секунди на реален час емитувана програма, исклучиво наменето за платено политичко рекламирање. Од ова време, најмногу четири минути биле наменети за кандидатите од коалициите „Твоја Македонија“, предводена од ВМРО-ДПМНЕ, и ВЛЕН, најмногу четири минути за кандидатите од коалициите предводени од СДСМ и НАИ, а најмногу 30 секунди за кандидатите за градоначалници од група избирачи, Душан Богдановски и Арифе Идризи. Во првиот круг на гласање, на телевизијата и трите радија биле емитувани вкупно 30.206 секунди, односно 8 часа, 23 минути и 26 секунди платено политичко рекламирање. На телевизијата време за рекламирање закупиле само коалициите НАИ и ВЛЕН, додека на трите радија време закупиле сите четири коалиции што учествувале на изборите. Независните кандидати

не закупиле простор за емитување платено политичко рекламирање. На ниво на сите радиодифузери, најмногу време закупила Коалицијата „Твоја Македонија“, предводена од ВМРО-ДПМНЕ, по што следувала коалицијата предводена од СДСМ. Јаневска дополни дека во Извештајот се содржани податоци за емитуваното платено политичко рекламирање, прикажани збирно и одделно за секој радиодифузер. Со оглед на тоа што, согласно роковникот на Државната изборна комисија, 20-тиот ден од настапувањето на предизборниот молк, кога истекува рокот за доставување на извештајот, е 5 ноември, предложи Советот на Агенцијата да го усвои Извештајот за емитуваното платено политичко рекламирање, кој ќе биде објавен на веб-страницата на Агенцијата и доставен до Државната изборна комисија.

Советот на Агенцијата едноглсано го усвои Извештајот за емитуваното платено политичко рекламирање на програмите на радиодифузерите за време на изборната кампања во првиот круг на гласање за Предвремените избори за градоначалник на општина Брвеница, во периодот од 28 септември до 16 октомври 2026 г, со текст како што беше предложен.

Се задолжува Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведениот Извештај да го објави на веб-страницата на Агенцијата

Точка 5

Раководителката на Секторот за програмски работи, Емилија Јаневска, информираше дека прекршувањето кај Г-ТВ телевизија ДООЕЛ Гостивар, со идентификациски знак ТВ Глоби, било констатирано при редовниот програмски надзор спроведен во септември. Со надзорот било утврдено непочитување на член 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, кои се однесуваат на обврската за емитување македонски аудио и аудиовизуелни дела. Поконкретно, било утврдено дека анализираниот ден радиодифузерот емитувал 18% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, наместо пропишаните најмалку 30%. Исто така, најмалку половина од македонските аудиовизуелни дела не биле емитувани во периодот од 7:00 до 19:00 часот, согласно законската обврска. Врз основа на утврдената состојба, се предложи Советот на Агенцијата да донесе решение со кое на радиодифузерот ќе му биде изречена мерка јавна опомена и ќе му биде определен рок од 20 дена од денот на приемот на Решението за усогласување на работењето со законските обврски. По истекот на рокот, да се изврши контролен надзор за да се утврди дали радиодифузерот постапил по изречената мерка.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-3522/1 од 25.9.2026 година и едногласно заклучи на Трговското радиодифузно друштво Г-ТВ Телевизија ДООЕЛ Гостивар да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ и во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр. 01-4241/1 од 1.10.2025 година, да му наложи во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи да го изготви Решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот постапил по изречената мерка.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб-страницата на Агенцијата

Точка 6

Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, појасни дека точките од 6 до 14 се однесуваат на одлуки за продолжување на дозволите за телевизиско или радиоемитување на државно, регионално или локално ниво. Истакна дека кај ниту еден од радиодифузерите опфатени со овие точки, во периодот на важење на дозволите, не биле утврдени прекршувања на Изборниот законик потврдени со правосилна судска пресуда, ниту прекршувања на посебните одредби од член 48 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Врз основа на тоа, оцени дека се исполнети законските услови за продолжување на дозволите и предложи Советот на Агенцијата да донесе одлуки за нивно продолжување за наредниот деветгодишен период, почнувајќи од 5 јануари 2027 година. Бидејќи образложението за сите четири точки е исто, тој посочи дека Советот може заеднички да ги разгледа, а за секоја точка да одлучува одделно.

Гласање по Точка 6

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за продолжување на дозволата за радиоемитување на Трговското радиодифузно друштво Модеа ДООЕЛ Свети Николе, со текст како што беше предложена. Дозволата за радиоемитување на Трговското радиодифузно друштво Модеа ДООЕЛ Свети Николе, Уп1 бр.08-121 од 7.9.2023 г., се продолжува за време од 9 (девет) години, за период од 5.1.2027 г. до 4.1.2036 г.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведената Одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб-страницата на Агенцијата.

Гласање по Точка 7

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за продолжување на дозволата за радиоемитување на Радиодифузното трговско друштво Радио Роса-АБ ДООЕЛ Скопје, со текст како што беше предложена. Дозволата за радиоемитување на Радиодифузното трговско друштво Радио Роса-АБ ДООЕЛ Скопје, Уп1 бр.08-74 од 7.9.2023 г., се продолжува за време од 9 (девет) години, за период од 5.1.2027 г. до 4.1.2036 г.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведената Одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб-страницата на Агенцијата.

Гласање по Точка 8

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за продолжување на дозволата за радиоемитување на Трговското радиодифузно друштво Радио Кисс ДООЕЛ Тетово, со текст како што беше предложена. Дозволата за радиоемитување на Трговското радиодифузно друштво Радио Кисс ДООЕЛ Тетово, Уп1 бр.08-130 од

7.9.2023 г., се продолжува за време од 9 (девет) години, за период од 5.1.2027 г. до 4.1.2036 г.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведената Одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб-страницата на Агенцијата.

Гласање по Точка 9

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за продолжување на дозволата за радиоемитување на Трговското радиодифузно друштво Радио Ред ФМ ДООЕЛ Тетово, со текст како што беше предложена. Дозволата за радиоемитување на Трговското радиодифузно друштво Радио Ред ФМ ДООЕЛ Тетово, УП1 бр.08-133 од 7.9.2023 г., се продолжува за време од 9 (девет) години, за период од 5.1.2027 г. до 4.1.2036 г.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведената Одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб-страницата на Агенцијата.

Гласање по Точка 10

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за продолжување на дозволата за радиоемитување на Радиодифузното трговско друштво Метрополис радио ДОО Скопје, со текст како што беше предложена. Дозволата за радиоемитување на Радиодифузното трговско друштво Метрополис радио ДОО Скопје, УП1 бр.08-65 од 7.9.2023 г., се продолжува за време од 9 (девет) години, за период од 5.1.2027 г. до 4.1.2036 г.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведената Одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб-страницата на Агенцијата.

Гласање по Точка 11

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за продолжување на дозволата за радиоемитување на Трговското радиодифузно друштво Радио Тајм Павле ДООЕЛ Гевгелија, со текст како што беше предложена. Дозволата за радиоемитување на Трговското радиодифузно друштво Радио Тајм Павле ДООЕЛ Гевгелија, УП1 бр.08-96 од 7.9.2023 г., се продолжува за време од 9 (девет) години, за период од 5.1.2027 г. до 4.1.2036 г.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведената Одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб-страницата на Агенцијата.

Гласање по Точка 12

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за продолжување на дозволата за телевизиското митување на Трговското радиодифузно друштво Алсат – М ДОО Скопје, со текст како што беше предложена. Дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво Алсат – М ДОО Скопје, УП1 бр.08-2 од 7.9.2023 г., се продолжува за време од 9 (девет) години, за период од 5.1.2027 г. до 4.1.2036 г.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведената Одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб-страницата на Агенцијата.

Гласање по Точка 13

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за продолжување на дозволата за радиоемитување на Трговското радиодифузно друштво Радио Ват ДОО Скопје, со текст како што беше предложена. Дозволата за радиоемитување на Трговското радиодифузно друштво Радио Ват ДОО Скопје, Уп1 бр.08-69 од 7.9.2023 г., се продолжува за време од 9 (девет)години, за период од 5.1.2027 г. до 4.1.2036 г.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведената Одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб-страницата на Агенцијата.

Гласање по Точка 14

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за продолжување на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ Дуе Назми ДООЕЛ Гостивар, со текст како што беше предложена. Дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ Дуе Назми ДООЕЛ Гостивар, Уп1 бр.08-61 од 7.9.2023 г., се продолжува за време од 9 (девет) години, за период од 5.1.2027 г. до 4.1.2036 г.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведената Одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб-страницата на Агенцијата.

Точка 15

Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, појасни дека набавката се однесува на редовно одржување и сервисирање на возилата што се во сопственост на Агенцијата, а не и на двете новонабавени возила, кои се користат врз основа на договор за лизинг. За нивното одржување и сервисирање е одговорна фирмата со која Агенцијата има склучено договор за лизинг. Во однос на деталите за постапката за јавна набавка, посочи дека дополнително ќе информира Ивона Муфишева.

Помошник раководител на Сектор за правни работи и јавни набавки, Ивона Муфишева образложи дека предлог-одлуката се однесува на набавка на услуга за одржување и сервисирање на службените моторни возила во сопственост на Агенцијата, за период од две години. Проценетата вредност на набавката изнесува 600.000,00 денари без вклучен ДДВ, од кои 300.000,00 денари се обезбедени со Финансискиот план за 2026 година, а преостанатите 300.000,00 денари ќе бидат обезбедени со Финансискиот план за 2027 година. Појасни дека постапката ќе се спроведе согласно Законот за јавните набавки, како постапка од мала вредност, и дека набавката е предвидена во Годишниот план за јавни набавки за 2026 година на Агенцијата, бр. 05-3241/1 од 26.08.2026 година (пречистен текст). Истакна дека со редовното одржување и сервисирање на службените возила ќе се придонесе за нивната исправност и за безбедноста на лицата што ги управуваат, поради што се предлага Советот да ја усвои предлог-одлуката.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување на директорот на Агенцијата, за спроведување постапка за доделување договор за јавна набавка за следниот предмет на набавка – услуга: одржување и сервисирање на службени моторни возила.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот: одржување и сервисирање на службени моторни возила е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2026 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-3241/1 од 26.08.2026 година (пречистен текст), а средствата се обезбедени со Финансискиот план за 2026 година, односно ќе бидат дообезбедени со Финансискиот план за 2027 година

Точка 16 – Разно

Претседателот на Советот, м-р Сашо Стефановски, побара информација од директорот на Агенцијата за текот на постапката за одржување на лифтовите.

Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, информираше дека е пристигнато решението од Државната комисија за жалби по јавни набавки и дека во текот на денот или најдоцна следното утро треба повторно да се спроведе постапката по жалбата поднесена од фирмата што претходно ги одржувала лифтовите.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
претседател на Советот,

м-р Сашо Стефановски